*Годишен извештај на органите на државната управа за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите*

## *1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

| | |
|---|---|
| *Орган на државна управа (назив)* | *МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА* |
| *Изработил (име, презиме и функција)* | *Елена Иванова – заменик координатор за еднакви можности на жените и на мажите* |
| *Период на известување* | *2025 година* |
| *Датум на поднесување на Извештајот* | *18 февруари 2026 година* |

*Одговорно лице кое го одобрува Извештајот и ја потврдува неговата веродостојност*

*Датум, 18 февруари 2026 година*

*Име и презиме*
*Министер за одбрана*
*Владо Мисајловски*

*Потпис*

*Датум на прием на Извештајот во Министерството за социјална политика, демографија и млади*

______________________

*Име и презиме (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил Извештајот)*

*Потпис*

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ:

**2.1. Преземени основни и посебни мерки во согласност со чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете)**

**А) Позитивни**
**Б) Охрабрувачки**
**В) Програмски**

**2.2 Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

*2.2.1 Зајакнати механизми за родова еднаквост во Министерството за одбрана.*

*2.2.2 Мониторирање и известување за имплементацијата на Вториот Национален акциски план (НАП) на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуција 1325, Жени, Мир и Безбедност (2020-2025) - стратегиска рамка.*

*– Оперативен план за имплементација на Вториот НАП за имплементација на Рез.1325 на Министерството за одбрана (2021 – 2025).*

*2.2.3 Зајакнати компетенции на персоналот во Министерството и Армијата на Република Северна Македонија во областа на родовата еднаквост и заштита од вознемирување на работно место.*

*2.2.4 Имплементиран Акциски план за унапредување на родовата еднаквост во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија (2024 – 2028 ) согласно Извештајот од родовата само – проценка (РСП) во Министерството и Армијата – Договор за соработка со Женевскиот Центар за управување со безбедносниот сектор (ДЦАФ).*

*2.2.5 Спроведување на родово одговорно буџетирање за избрана потпрограма.*

*2.2.6 Функционални интерни механизми за заштита од вознемирување на работното место во Министерството и Армијата.*

**2.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**

*2.3.1 Зајакнати механизми за родова еднаквост во Министерството за одбрана.*

*Функционирање на веќе воспоставените механизми и зајакнување на вештините и компетенциите на персоналот :*

---

[1]***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или, пак, број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет групата од 24-49 години, опфатени со ктивните програми и мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог-буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

- Координаторка и зам. координаторка за еднакви можности на жените и мажите во Министерството за одбрана (2017 година);

- Офицер за родова еднаквост во Кабинетот на Началникот на Генералштабот на Армијата (2019 година);

- Работна група за координација, мониторинг и известување за имплементација на Вториот НАП на Република Северна Македонија за имплементација на Рез.1325 (2021 година);

- Работна група за спроведување на Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост во Министерството за одбрана и Армиијата на Република Северна Македонија (2024-2028);

- Работна група за планирање и спроведување на родово одговорно буџетирање за потпрограма 11 за која е изработена родово буџетска изјава (2022 година - 2025 година);

- Базен од 24 сертифицирани родови обучувачи и 2 сертифицирани обучувачи од областа на заштита од вознемирување на работно место.

2.3.2 Мониторирање и известување за имплементацијата на Вториот Национален акциски план (НАП) на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуција 1325, Жени, Мир и Безбедност (2020-2025) - стратегиска рамка.

- Шестмесечно брифирање за постигнатите резултати од имплементацијата од Вториот НАП пред Интерресорска советодавна и консултативна група за еднакви можности на жените и мажите при Владата на Република Северна Македонија;

- Изработка на полугодишен извештај (за 2025 година) и годишен извештај (за 2024 година) за постигнатите резултати од имплементацијата на Вториот НАП за имплементирање на Резолуцијата 1325 „Жени мир и безбедност";

2.3.3 Зајакнување на капацитети на персоналот во Министерството и Армијата во областа на родовата еднаквост и заштита од сите форми на вознемирување.

- Зајакнати капацитети на персоналот во Министерството и Армијата во областа на родовата еднаквост – организирање на обуки.

- Број на учесници на обуки, курсеви и работилници – водење на родово разделени податоци.

2.3.4 Спроведување на родова само - проценка во Министерството и Армијата

- Во насока на унапредување на родовата компонента во Министерството и Армијата беше донесен и промовиран Акциски план за унапредување на родовата еднаквост во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија (2024 – 2028 ) како краен производ на спроведена родово самопроценка во одбраната.

2.3.5 Функционирање на интерни механизми за заштита од вознемирување на работното место во Министерството и Армијата

*- Определени се овластено лице, заменик овластено лице и посредници во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија (вкупно 20 посредници, од кои 4 мажи и 16 жени), согласно Законот за заштита од вознемирување на работно место.*

*- Активни 2 сертифицирани обучувачи од областа на заштитата од вознемирување на работно место;*

*-Спроведена обука на тема: „Родова еднаквост" со сертифицирани обучувачи од Министерството за одбрана, на која земаа учество вкупно 19 учесници од кои 16 жени и 3 мажи (октомври 2025 година). На истата беа опфатени и теми од областа за заштита од вознемирување на работно место.*

***2.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на Извештајот***

## *3. НАВЕДЕТЕ ГИ ПРЕЗЕМЕНИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД:*

***3.1. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на органот на државната управа (ОДУ), согласно член 11 од ЗЕМ:***

*3.1.1 Инкорпорирање на принципот на еднакви можности за жените и мажите во закони, подзаконски акти и стратешки документи.*

*3.1.2 Преземени активности и имплементирани мерки на програми и потпрограми во кои е вклучена родовата перспектива:*

*- родово буџетска изјава за Потпрограма 11- Стручно оспособување и усовршување во земјата и странство (2022-2025)*

*https://mod.gov.mk/inc/uploads/2022/08/Rodovo-Budzetstka-izjava-24.08.2022.pdf*

***3.2. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):***

*3.2.1 Инкорпориран принцип на еднакви можности во законски и подзаконски акти и стратешки документи:*

*- Континуирано инкорпорирање на принципот на родовата еднаквост и еднаквите можности на жените и мажите во стратешки документи, законски и подзаконски документи, јавни огласи, анализи, извештаи и сл.*

*3.2.2 Министерството за одбрана ќе го продолжи процесот на спроведување на родово одговорно буџетирање:*

*- Министерството за одбрана го продолжува процесот на имплементација на родово - одговорното буџетирање преку потпрограмата 11 - Стручно оспособување и усовршување во земјата и странство;*
*- постигнатите резултати по индикаторите наведени во изјавата ќе бидат содржани во Годишниот извештај за Родово одговорно буџетирање за 2025 година.*

***3.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (примерза индикатор)***

*3.3.1 Индикатори се предвидени во Оперативниот план на Министерството за одбрана за имплементација на Вториот НАП за имплементирање на Резолуцијата 1325 „Жени мир и безбедност“;*

*3.3.2 Индикатори се предвидени во родово буџетската изјава за потпрограмата 11 и истите ќе се следат во периодот 2022 – 2025;*

*3.3.3 Индикатори се предвидени во Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост во министерството за одбрана и Армијата на Република Северна македонија ( 2024-2028) .*

***3.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот:***

*Напредокот ќе биде содржан во Годишниот извештај за имплементација на Вториот НАП за Рез.1325 и Годишен извештај за родово одговорно буџетирање на Министерството за одбрана. Истите се објавуваат на ВЕБ страницата на Министерството за одбрана, потпрозорец „Родова еднаквост“.*

## *4. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И БАЗА НА ПОДАТОЦИ:*

***4.1. Наведете ги активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите кои Вашата институција ги реализирала во соработка со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?***

1. ***Соработка со Женевскиот Центар за управување со безбедносниот сектор (ДЦАФ)*** - *спроведување на Акциски план за унапредување на родовата еднаквост во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија (2024 – 2028 ).*

*За успешно спроведување на истиот, беа спроведени активности на кои земаа учество членовите на работната група за спроведување на Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост во Министерството за одбрана и Армиијата на Република Северна Македонија (2024-2028) - персонал од Министерството и Армијата).*

*Во таа насока беа спроведени две посебно дизајнирани работилници, односно:*

*- Работилница за ревизија на Родовиот акциски план за членовите на работната група, одржана во Велес во период 21-22 февруари 2025 година (учество на 12 лица, од кои 5 мажи и 7 жени);*

*- Работилница за мониторинг, евалуација и известување за членовите на работната група", одржана во Велес, во период 24-25 јули 2025 година (учество на 12 лица, од кои 2 мажи и 10 жени).*

*- Одржани работни состаноци и координација со претставници од ДЦАФ и консултантките/експертки во насока на организирање на активностите.*

2. ***Соработка со канцеларијата на UN Women во Северна Македонија – организирање и учество на конференција и настани***

*- Настан за* ***одбележување 25 години од усвојувањето на Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на Обединетите нации за Жените, мирот и безбедноста*** *– историска заложба која ја признава клучната улога на жените во спречување конфликти, градење мир и обликување на безбедноста во светот. Настанот се одржа на 31 октомври 2025 година, во хотел Лимак, Скопје и на истиот обраќање имаше министерот за одбрана Владо Мисајловски, како и претставници/чки од Министерство за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија беа говорници на вториот панел-Женско лидерство во процесите на одлучување за мир и безбедност.*

*Настанот беше организиран од страна на канцеларијата на UN Women во Северна Македонија и Министерството за одбрана.*
*На настанот присуствуваа претседателката на републиката Гордана Сиљановска Давкова, претставници/чки од Владата, дипломатскиот кор, институциите за одбрана и безбедност, како и меѓународните партнери, за заеднички да ја реафирмираат посветеноста на унапредување на женското лидерство во процесите на одлучување за мир и безбедност.*

*- **Конференција „Родовата еднаквост во фокусот на пристапувањето кон Европската Унија: Патоказ за Северна Македонија“** што се одржа на **12 декември 2025 година**, во х. Лимак, Скопје со учество на координаторката на РГ за КМиЕ на Втор НАП за имплементација на Резолуцијата 1325-Жени, мир и безбеднсот, стратегиска рамка 2020-2025, како претставничка и панелист од Министерство за одбрана на четвртиот панел под наслов - Партнерства за инклузивен пристап кон ЕУ.*

*Конференцијата беше организирана од страна на канцеларијата на UN Women во Северна Македонија и Министерството за европски прашања на Република Северна Македонија и на истата присуствуваа претставници/чки од владини институции, Европската Унија, граѓанското општество, академските институции и развојните партнери за да истражат како родовите перспективи можат систематски да се интегрираат во текот на целиот процес на пристапување на Северна Македонија во Европската Унија.*

*Дискусиите имаа за цел: да се истакне напредокот во интегрирањето на родовата еднаквост во рамките на пристапувањето кон ЕУ; презентирање на клучните наоди од анализите на родовиот јаз во сите поглавја од преговорите; зајакнување на дијалогот за институционална координација и реформа на политиките; и дефинирање на практични препораки за вградување на механизми за родова еднаквост во структурите за пристапување кон ЕУ.*

*3. <u>Соработка со Центарот за безбедносна соработка - RACVIAC</u>*

*Реализиран курс „Обука за обучувачи“ во организација на RACVIAC во период од 08 - 19 септември 2025 година, Ракитје, Хрватска и учество на тројца преставници од Армијата.*

***<u>Други активности со учество на претставници од Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија:</u>***

*- Учество на двајца претставници од Министерството и Армијата на симпозиум на тема “ Women, Peace and Security”, во Вермонт, САД, во период од 02 – 08 март 2025 година. Целта на симпозиумот беше подигнување на свесноста за важноста од вклучување на разновидни перспективи при планирање на операции како и бенефитот на оперативната способност и капацитет од инкорпорирање на WPS рамката како планирачки фактор.*

*- Посета на припадници на Армијата кај претседателката и врховен командант на Армијата по повод 8 – ми март, Меѓународниот ден на жената, 6 март 2025 година, Вила Водно, Скопје.*

*- Гостување на офицерот за родова еднаквост во Кабинетот на Началникот на Генералштабот на Армијата во живо во емисија на Програма во градови на МТВ, а по повод 8 – ми март, меѓународниот ден на жената, 7 март 2025, Скопје.*

*- Учество на претставник на Армијата на курс„ Utility of gender in Peace Support Operations Course“, во периодот од 7 – 11 април 2025 во кампот Бутмир, Сараево, БиХ.*

- Учество на две претставнички на работилница „Родот, безбедноста и мирот – предизвици и приоритети со посебен фокус на родовите перспективи во безбедносниот систем“ во Комора на РСМ за приватно обезбедување во организација на Сојуз – Национален совет за родова рамноправност, 29 април 2025 година, Скопје.
- Учество на претставник од Министерството во улога на евалуатор/оценувач на натпревар “NATO STO Women & Girls in Science 2025” организиран од страна на NATO Science and Technology Organization, април-мај 2025.
- Учество на зам.координатор за еднакви можбности на жените и мажите од Министерството на „Regional meeting of the gender equality mechanisms in the Western Balkans: Trends, impacts and challenges for advancing the status of women”, 19 – 20 мај 2025 година, Скопје.
- Учество на претставник од Министерството на годишна конференција на НАТО Комитетот за родова еднаквост (NATO Committee on Gender Perspective) “Reflecting on 25 years of Women, Peace and Security”, лидер на синдикат “Deterrence, Defense and Strategic Competition”, мај 2025 година, Брисел, Белгија.
- Претставничка од Министерството за одбрана одржа брифинг на тема Women, peace and security, односно за Вториот НАП за Резолуција 1325, како и за спроведените активности од областа на родовата перспектива превземени од страна на Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија на 23 мај 2025 година, во просториите на Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, а во рамките на првиот Дијалог на Партнерството за соработка во областа на безбноста и одбраната ЕУ-МКД, 23 мај 2025 година.
- Он лајн учество на работилница во организација на NATO CoE DAT (Defense Against Terrorism Turkey): Training Need Analysis Workshop заради подготовка на курс Human security from a gendered perspective and child protection in CT, јуни 2025.
- Учество на претставник од Армијата на работилница „Родови индикатори и запознавање со ЕУ, Акциски план за родови прашања во имплементација и мониторинг на ЕУ програми/проекти, 18 – 19 август 2025 година, х. Солун, Скопје.
- Учество на претставник од Армијата на конференција во организација на НВО „Јас сум жена“, 28 септември 2025 година, Македонска Филхармија, Скопје.
- Учество на седницата на Интерресорската советодавна и консултативна група за еднакви можности на жените и мажите, каде што членот од Министерството за одбрана е одредена за координатор на групата за подготовка на Деловник за работа на Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите на 12.11.2025 година.
- Учество на претставник од Министерството како панелист на годишна конференција 2025 PfP Consortium Capstone on Human Security, Гдињиа, Полска, во сесија: “How are Women, Children, and Vulnerable Groups considered in Conflict Zones? 9-11 Декември 2025 година.

***4.2. Дали базата на податоци со која располага ОДУ е разделена по пол?***

***а) База на податоци која се однесува на човечки ресурси. *приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)***

*Родово разделени податоци на вработени според категории во 2025 година, искажани во % од вкупниот број на вработени во Министерството за одбрана:*

- *Б категорија -  49 % жени и 51 %мажи;*
- *В категорија -  46 % жени и 54 % мажи;*
- *Г категорија и помошно технички лица -  20 % жени и 80 % мажи;*

*Вкупно за сите категории заедно – 34% жени и 66 % мажи.*

*Се забележува висок процентот на жените во Министерството, особено во категоријата Б и В.*




*Родово разделени податоци за воени лица во Министерството и Армијата во 2025 година:*

- *Од вкупниот број на персонал во Армијата – 12, 14 % се жени и 87,86 % се мажи.*
- *Офицери - 22,79%  жени и 77,21 % мажи;*
- *Подофицери – 11,70 % жени и 88,30 % мажи;*
- *Професионални војници – 7,49 % жени и 92,51 % мажи;*
- *Цивилни лица  - 23,17 % жени и 76,83 % мажи;*













*Во Армијата евидентно е зголемување на процентот за 1,12 % , во категоријата жени – офицери во споредба со 2024 година.*

**б) База на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.).**
*** приложете документ со краток опис на програма/услуга и податоци, разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**

*Министерството за одбрана го применува принципот на еднакви можности и води преглед на родово разделени податоци во делот на стручното оспособување и усовршување. Воедно, забележително е задржување на процентот на учеството на жените упатени на обуки во земјата и странство.*

– *<u>Обуки во земјата (специјализирани обуки ) организирани од Министерството за одбрана</u> – Центар за обука "Д-р Џозеф Крузел' за различни целни групи: вработени во Министерството, воен и цивилен персонал на служба во Армијата.*

*Во 2025 година од вкупно 571 учесници, 195 или 34 % беа жени, додека 376 или 66 % беа мажи.*

*<u>-Стручно оспособување и усовршување во странство</u> (курсеви, семинари, обуки) на кое се упатува персонал од различни категории: вработени во Министерството и активен воен персонал од Армијата.*

*Во 2025 година за стручно оспособување и школувања во странство се упатени вкупно 228 лица од Министерството и Армијата, од кои односно 21% се жени, а 79% се мажи.*

## 5. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ СОГЛАСНО СТРАТЕШКИТЕ ДОКУМЕНТИ ОД ОБЛАСТА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ:

**5.1. Наведете кои се вашите обврски согласно Стратегијата за родова еднаквост (СРЕ), Националниот план за акција и оперативниот план за годината за која се известува.**
**Опишете според:**
*Министерството за одбрана ја вклучува родовата перспектива во сите сегменти од работните процеси и стратешки и планирачки документи.*
*Статус на реализација на Цел 2: Подобрување на положбата на жените во сите сфери и приватниот живот, односно Специфична цел 2.7: Унапредување на родовата еднаквост за постигнување и одржување позитивен мир (Жени, Мир и Безбедност). Во рамките на оваа специфична цел проектирани се резултати и предвидени се индикатори на ниво на планираните резултати, како и реализација на повеќе активности.*

**а) Постигнати резултати**

*5.1.1 Зголемено учество на жени во областа на одбраната, особено на позиции на донесување одлуки*

*Во Министерството за одбрана во 2025 година се бележи задржување на високиот процент на застапеност на жените во категорија Б и В.*

*Во 2025 година се бележи зголемување на застапеноста на жените во Армијата споредбено со 2024 година која изнесувал 11,,99%, како и во категоријата офицери зголемување за 1,03%, задржување на процентот кај професионалните војници и зголемување кај цивилните лица за 3,61%.*

*Во учебната 2025/2026 се бележи пораст на процент на запишани питомки, кој изнесува 29,16%, за разлика од учебната 2024/2025 кој изнесуваше 21,87%.,*

*На стручно оспособување и усовршување на офицери за потребите на службите на Армијата учествувале вкупно 28 учесници, од кои 39,28%' се жени.*

*Во Постојаната делегација на Република Северна Македонија на НАТО во Брисел, Кралство Белгија се упатени на работа две жени. Во постојаната мисија при ОБСЕ во Виена, Австрија е упатена една жена и една жена во Центарот за безбедносна соработка – RACVIAC, Р. Хрватска.*

*Воедно, на јавните огласи за вработување во Министерството се потенцира принципот за еднакви можности на жените и мажите, како и на конкурсите за запишување питомци/питомки на Воената академија, во огласите за прием на професионални војници и цивилни лица на служба во Армијата, има посебен параграф со кој девојките и жените се охрабруваат да се пријавуваат.*

*5.1.2 Родово сензитивен персонал во одбраната*

*Министерството за одбрана во континиутет ја вклучува родовата перспектива во образованието и обуката.*

*Во насока на подигање на свеста за родовите аспекти на воената професија кај питомците - идни офицери и нивната улога во промовирање на тие вредности и спроведување во практика, на Воената академија се интегрирани содржини од оваа област во предметите: Воена психологија, Социологија, Воена историја и Човековите права.*

*Министерството располага со 24 сертифицирани родови обучувачи (14 жени и 10 мажи) кои се вклучени во зајакнување на родовата свест на персоналот и 2 (1 жена и 1 маж) сертифицирани обучувачи кои се вклучени во градење на институционални капацитети и унапредување на превенција и заштита од вознемирување на работното место во Министерството и Армијата.*

***б) Реализирани активности***

*5.1.1 Министерството за одбрана континуирано спроведува активности за популаризација на воената професија за привлекување на квалитетен кадар за пополна на Армијата.*

*5.1.1 Јавни кампањи, јавни дебати, изготвување видео/аудио/печатени материјали*

*- Објавена Научна статија "The path toward gender equality in military: Case study of the Republic of North Macedonia", Aleksandar Grizhev & Ivan Blazhevski, International conference: Challenges of adapting the military in times of conflict. National experiences and case studies, Bucharest, Romania, ISBN: 978-973-32-1408-3, 2025.*

| |
|---|
| *5.1.2 Поттикнување на еднакво учество на обуките и за мажи и за жени во одбраната (семинари/работилници).*<br><br>***в) Индикатори за мерење успешност***<br><br>*5.1.1 Вработени во одбрана, по пол, по работни позиции, по категории*<br><br>*5.1.2 Зголемување на бројот на жени вработени во одбрана и поставени на позиции на донесување одлуки*<br><br>*5.1.2 Достапност на издвоени и интегрирани образовни програми/модули, по институција*<br><br>*5.1.2 Вработени што поминале обуки за родова еднаквост, по пол:*<br><br>*Во 2025 година во Министерството за одбрана е организирана и спроведена обука на тема „Родова еднаквост“ вкупно 19 учесници ( 16 жени и 3 мажи).*<br><br>*Родовата обука е дел и од предупатните обуки за персоналот кој се упатува на меѓународни и хуманитерни мисии и операции.*<br><br>***г) Потрошени средства за реализирани активности од областа на родовата рамноправност и извор на средства***<br><br>➢ *Буџет на Министерството за одбрана.*<br>➢ *Поддршка (донации) од меѓународни организации.* |
| ***5.2. Дали надлежностите и задачите на координаторот и заменик-координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во органите на државната управа?***<br><br>*Надлежностите на координаторката и на заменичката координаторка конкретно не се утврдени со Актот за систематизација на работните места во Министерството. Според решението за нивно одредување, истите се одговорни за организација и спроведување на мерките во надлежност на Министерството и Армијата за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во согласност со Законот за еднакви можности на жените и на мажите и други нормативни акти.*<br><br>*Воедно, имаат пристап и им се достапни потребните информации за соодветна реализација на поставените задачи, непосредно соработуваат со лицето поставено на систематизираното место Помлад соработник за родова еднаквост, со останатите механизми (интерни) во областа на родовата еднаквост, како и со сите организациони единици во Министерството за одбрана. Воедно, остваруваат соработка и со Офицерот за родова еднаквост во Кабинетот на Началникот на Генералштабот на Армијата.* |
| ***5.3. На кои обуки во текот на извештајниот период координаторот и заменик-координаторот имаат присуствувано?***<br><br>***Дали тие во обуките се јавиле како:***<br><br>***а) <u>слушатели</u>***<br>***б) <u>обучувачи</u>*** |

| |
|---|
| |
| ***5.4. Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематска и родова еднаквост и анти - дискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн) имаат посетено:***<br><br>***Координаторка за еднакви можности на жените и мажите:***<br><br>***<u>а) Слушателка</u>***<br><br>***<u>б) Обучувачка</u>***<br><br>***<u>Учество</u>***<br><br>*- Координаторка на работна група за Родово одговорно буџетирање во Министерството.*<br>*– Учество во активностите за спроведување на родова само-проценка во Министерството за одбрана ( проект со ДЦАФ) и изработка на Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија (2024 – 2028), како член на работна група.*<br><br>*- Посредник во случај на вознемирување на работно место во Министерството.*<br><br>***Заменичка-координаторка за еднакви можности на жените и мажите:***<br><br>***<u>а) Слушателка</u>***<br><br>***<u>б) Обучувачка -/</u>***<br><br>***<u>Учество</u>***<br><br>*- Учество во работна група за Родово одговорно буџетирање во Министерството.*<br>*- Посредник во случај на вознемирување на работно место во Министерството.*<br>*- Regional meeting of the gender equality mechanisms in the Western Balkans: Trends, impacts and challenges for advancing the status of women”, 19 – 20 мај 2025 година во Скопје.* |

| |
|---|
| ***5.5. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашиот ОДУ, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)***<br>***Ве молиме опишете:***<br>*5.5.1 Изработка и споделување на извештаи и материјали од учество на активности од областа на родовата перспектива и заштита од вознемирување на работното место.*<br>*5.5.2 Изработка на извештаи од спроведени родови обуки, кои се дел од полугодишните и годишни анализи.*<br>*5.5.3 Споделување на материјали (презентации и сл.) од реализираните обуки, брифинг/состаноци на родовите обучувачи.*<br>*- Одржување на работни состаноци на работните групи формирани во Министерството, пренесување на стекнати знаења, искуства, споделување на добри практики.*<br>*5.5.4 Достапност на информации - подпрозорец на ВЕБ страницата на Министерството за одбрана „Родова еднаквост“.*<br>*5.5.5 Достапност на информации - подпрозорец на ВЕБ страницата на Министерството и Армијата „Стоп вознемирување“.* |
| ***5.6. Колку и кои иницијативи (предлог закони, предлог стратегии, предлог-информации до влада, предлог акциски планови, предлог буџети, предлог-стратешки планови) координаторот и заменикот-координатор за еднаквите можности на жените и мажите имаат доставено до ОДУ?*** |
| ***5.6. Колку од тие иницијативи биле успешни?*** |
| ***5.7. Наведете дали и со какви предизвици сте се соочиле во текот на извештајната година и какви предлози за нивно надминување сте дале:*** |

## *6. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:*

***Добри практики и научени лекции:***

*6.1.1. Имплементирање на родовата перспектива во стратешките документи, законски, подзаконски акти, програми и потпрограми на Министерството за одбрана, јавни објави, јавни огласи, конкурси и сл.*

*6.1.2. Водење на база на родово разделени податоци во делот на управување со човечки ресурси и при реализирање на обуки, стручно оспособување и усовршување инкорпорирајќи го родовиот принцип и еднаквите можности за развој на кариерата на жените и на мажите во Министерството и Армијата.*

*6.1.3. Донесување и промовирање на Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија (2024-2028), со што дополнително ќе се промовира институционалната култура која обезбедува еднакви можности на жените и мажите во Министерството и Армијата.*

***6.2. Споделете пример за добра или лоша пракса***

***Добри практики***

*6.2.1. Министерството за одбрана има сертифицирани родови обучувачи кои непосредно се вклучени во процесот на родово сензитивирање на персоналот во Министерството и Армијата – вкупно 24 НАТО сертифицирани обучувачи и 2 сертифицирани обучувачи во областа за заштита од вознемирување на работното место.*

*6.2.2. Функционирање на интерни механизми за заштита од вознемирување на работното место и нивна достапност на веб страницата на Министерството преку посебен потпрозорец „Стоп вознемирување".*

*6.2.3 Соработка и поддршка од меѓународни организации во голема мера дава инпут во процесите на интегрирање на родовата перспектива во Министерството и Армијата.*

***6.3. Наведете примери за научени лекции***

*6.3.1. Размена на искуства, соработка и учество на активности од регионален и меѓународен карактер.*

## *7. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ:*

***7.1 Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегија за родова еднаквост, друг стратешки документ на ОДУ итн.)***

*7.1.1 Спроведување на проектирани активности од Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија (2024 – 2028), а со цел постигнување на предвидени цели и активности.*

*7.1.2. Спроведување на активности согласно Стратегија за родова еднаквост (2022 – 2027).*

*7.1.3. Зајакнување на капацитетите во областа на родовата еднаквост на различни категории персонал во Министерството и Армијата (обуки, курсеви и семинари на национално и на меѓународно ниво).*

*7.1.4. Унапредување на вештините на сертифицирани родови обучувачи во Министерството и Армијата.*

*7.1.5. Континуирано спроведување на родови обуки и обуки за заштита од вознемирување на работното место за персоналот во Министерството и Армијата и сертифицирање на нови обучувачи од оваа област.*

*7.1.6. Активности со поддршка од меѓународни организации во 2026 година (продолжување на соработката со ДЦАФ).*

*– Спроведување на активностите од Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија.*

*– Во наредниот период, а со цел спроведување на активностите од Акцискиот план ќе следи изработка на Прирачник за родови обуки и изработка на анимациско видео за информирање на персоналот за процедурата за заштита од вознемирување, а во периодот од 24 до 27 февруари 2026 година проширување на базенот со нови 6 (шест) сертифицирани обучувачи од Министерството и од Армијата (9 жени и 3 мажи) во областа на заштитата од вознемирување на работното место*

## *8. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА:*

***8.1 Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ - МТСП во насока на подобрување на:***

***а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост***

*– Подобрување на теркот на Годишниот извештај на органите на државната управа за напредокот на состојбата на еднаквите можности на жените и мажите.*

*– Подобрување на механизмите за следење и известување преку изработка и доставување на полугодишни извештаи, како и реализација на меѓуресорски состаноци за размена на искуства, споделување на добри пракси и координација.*

*- Вмрежување на координаторите за еднакви можности на жените и мажите од институциите.*

***б) Имплементација на Стратегија за родова еднаквост во секторските политики/програми***

*/*